**Известување за концентрација со која Келвин УК Бидко Лимитед, Лондон, Обединетото Кралство стекнува самостојна контрола над Кин енд Карта плц Лондон Обединетото Кралство**

**(предмет бр. 08-161/2023)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (Службен весник на Република Македонија бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 08.11.2023 година, Комисијата за заштита на конкуренцијата прими известување за концентрација со која Келвин УК Бидко Лимитед (Kelvin UK Bidco Limited), со регистрирано седиште на 33 Џермин Стриит, Лондон, Обединетото Кралство стекнува самостојна контрола над Кин енд Карта плц (Kin and Carta plc), со регистрирано седиште во Зградата Спитфајр, 71 Колиер Стриит, Лондон Обединетото Кралство.

Подносителот е новосновано друштво во сопственост на и под самостојна контрола (во смисла на Законот за заштита од конкуренција) на, индиректно, приватни инвестициски фондови советувани од Апакс Партнерс ЛЛП (Apax Partners LLP), партнерство со ограничена одговорност и владејачко друштво на одреден број субјекти кои обезбедуваат услуги за инвестициски советувања на приватните инвестициски фондови (АП Фондови) кои инвестираат во разновидни индустриски сектори, регистрирани според законите на Обединетото Кралство, со регистрирано седиште на 33 Џермин Стриит, Лондон, Обединетото Кралство, СВВ1Ј 6ДН, Обединетото Кралство.

Подносителот има индиректно зависно друштво во Република Северна Македонија - Друштво за трговија и услуги МСС-МОБИЛЕН САНИТАРЕН СЕРВИС ДООЕЛ Скопје, со седиште на Жданец бр. 19/Б, Карпош, Скопје и со приоритетна дејност останати услуги на чистење, неспоменати на друго место.

Кин енд Карта е меѓународно консултантско друштво за дигитална трансформација кое котира на Лондонската берза. Обезбедува низа услуги за дигитална трансформација, вклучувајќи развој на веб и мобилни производи, податоци и аналитика, трансформација на клауд (*cloud*) и стратегија.

Кин енд Карта има седиште во Лондон, а неговото седиште за Соединетите Американски Држави е во Чикаго, а има канцеларии на три континенти. На светско ниво вработува над 1.800 консултанти, инженери и научници за податоци.

Во Северна Македонија, Кин енд Карта има регистрирано зависни друштво - МЕЛОН ТЕХНОЛОГИИ ДООЕЛ Скопје, со седиште на ул. 1737 бр. 32 Скопје-Центар и приоритетна дејност – компјутерско програмирање.

Релевантниот пазар на стоки за предметната концентрација би можел да се дефинира како ***пазар за обезбедување на IT услуги***. Што се однесува до географскиот опфат на пазарот релевантен за концентрацијата, Подносителот поаѓа од претпоставка дека релевантниот географски пазар ќе се оценува во најмала рака како ***територијата на Република Северна Македонија***, иако пазарот е по опфат во суштина е на ***светско ниво***.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да доставаат забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. Св. Кирил и Методиј 54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

10.11.2023 година
Скопје